Република Северна Македонија
Државно средно училиште за образование
и рехабилитација " ИСКРА "
Бр. 01-120/3
22.11.2022 год.

# З А П И С Н И К

Од одржаната седница на УО на ДСУ “Искра” – Штип, седницата се одржа во просториите на ДСУ “Искра” – Штип, на ден 23.11.2022година со почеток во 12:00ч. Со следниот:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Читање и усвојување на записникот од претходната седница,
2. Донесување на Одлука за усвојување на Правилник за користење и одржување на службени возила на ДСУ Искра Штип
3. Донесување на Одлука за усвојување на Правилник за дежурни наставници во ДСУ Искра Штип;

На седницата присуствуваа 8-членови и тоа Јулија Кујунџиева и Марјан Арсов, преставници на владата, Љупчо Панајотов, Тања Неткова, Марија Костова и 2-претставници од Совет на родители.

- по првата точка записникот го читаше Јулија Кујунџиева, а сите членови едноогласно го усвоија,

- по втората точка директорот зема збор околу потребата од донесување на Правилник за користење и одржување на службени возила на ДСУ Искра Штип. По кратка дискусија се помина на гласање со што со седум гласа за се донесе Одлука за усвојување на Правилник за користење и одржување на службени возила на ДСУ Искра Штип,

- по третата точка директорот кажа дека има потреба од донесување на Правилник за дежурства на наставниците во ДСУ искра Штип. Распоред за дежурства има но не се практикува дежурства на наставниците. Марјан Арсов рече дека наставниците неможат сами да имаат дежурства потребно е правилникот да се дополни со дежурства на воспитувачите и стручната служба. Останатите членови се согласија Правилнкот за дежурства да се доработи и потоа да се усвои.

Штип, 23.11.2022година

Записничар

Митревски Љупчо